10
24.02.2020

Национална
мрежа
против насилство врз
жените и семејното
насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје
Тел. 02/609 0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
www.glasprotivnasilstvo.org.mk

Национална мрежа против
насилство врз жени и семејно насилство
ГЛАС ПРОТИВ НАСИЛСТВО
Бр. 02-1031/20
19.02. 2020 год.
Скопје

Република Македонија ОПШТИНА РЕСЕН

| Примено | 25. 02. 2020 | | |
|---|---|---|---|
| Организ. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 471 10 | 5 | – | – |

До
**Општина Ресен**
**Плоштад „Цар Самоил" бр.20**

**7310 Ресен**

**Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер** за потребите на Истражување за собирање/ ажурирање на податоците за постоечки сервиси за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство и семејно насилство, обезбедени на локално ниво

Почитувани,

Националната мрежа против насилство врз жените и семејно насилство – Глас против насилство спроведува базично истражување за собирање/ ажурирање на податоците за постоечки сервиси за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство и семејно насилство, обезбедени на локално ниво.

За оваа цел ни се потребни определени информации од јавен карактер, а кои согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16), вие треба да ни ги обезбедите.

Врз основа на ова, бараме одговор на долунаведените прашања како информации од јавен карактер.

1. Дали општината изработила и усвоила Програма за социјална заштита за 2019 година?
   - Доколку да, ве молиме испратете ни примерок од Програмата за 2019 година;
   - Дали е предвидена посебна парична помош или помош во натура за жртви на семејно насилство за 2019г.?
2. Дали општината изработила и усвоила други програми, правилници, стратегии и/или одлуки за помош и поддршка на жртви на семејно насилство во 2019г.?
   - Доколку да, ве молиме испратете ни примерок од соодветниот документ за 2019 година;
3. Дали општината воспоставила специјализиран сервис (шелтер центар, кризен центар, советувалиште за психосоцијална помош или бесплатна правна помош) за жени жртви на насилство и семејно насилство во 2019г. финансиран од буџет на општината?

Национална мрежа против насилство врз жените и семејното насилство
Ул. Коста Кирков бр.5/1-9А
1000 Скопје
Тел. 02/609 0066
coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk
www.glasprotivnasilstvo.org.mk

- Доколку одговорот е да, каков сервис е воспоставен, кога е воспоставен и со каков буџет располага?
- Дали сервисот е воспоставен во соработка со граѓанска организација?
- Доколку одговорот е да со која граѓанска организација е воспоставен сервисот?

4. Каков вид на дополнителна поддршка е дадена од општината во насока на спречување и заштита од семејно насилство за 2019 година? (дополнителна поддршка од аспект на кампањи за превенција од семејно насилство, обуки, тренинзи и едукации, можности за вработување на жртви на семејно насилство).

   - Доколку да, набројте кои?

Ве молиме бараните податоци доставете ни ги поштенски во седиштето на Националната мрежа против насилство врз жените и семејното насилство – Глас против насилството, на ул. Коста Кирков бр. 5/1-9А, 1000 Скопје или по електронски пат на следнава e-mail адреса: coordinator@glasprotivnasilstvo.org.mk

Со почит,

Елена Димушевска
Извршна директорка
Национална мрежа против насилство
врз жени и семејно насилство

Глас против насилството Скопје